Врз основа на член 48 и 49 од Законот за административните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22 ), член 11 од Колективниот договор на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (бр. 01-675/4 од 26.05.2015, бр.01-1507/08 од 30.12.2016, бр.01-232/7 од 06.04.2017, бр. 01-500/11 од 03.05.2018, бр. 01-870/7 од 26.06.2019, бр. 01-260/5 од 30.03.2021 и 01-756/3 од 31.05.2022) и Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас ("Службен весник на Република Македонија" бр. 11/15, 35/18, и ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 303/20)

АГЕНЦИЈАТА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ ОБЈАВУВА

ИНТЕРЕН ОГЛАС бр. 7

Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, со цел пополнување на работно место со унапредување на административен службеник, има потреба од:

- еден (1) извршител за работно место – Самостоен референт за сметководство - шифра МАП0101Г01002.

Општи услови за пополнување на работното место Помлад соработник за финансиска контрола :

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Посебни услови за пополнување на работното место - Самостоен референт за сметководство утврдени во Законот за административни службеници, Колективниот договор на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, како и Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување
се :

Стручни квалификации:

- за ниво Г01 - - вишо,/средно гимназиско или средно стручно образование и
- најмалку три години работно искуство во струката.

Посебни работни компетенции:

- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски).

На интерниот оглас може да се јави административен службеник, вработен во истата институција, кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работно место пропишани за соодветното ниво во Законот за административните службеници, Колективниот договор на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување и во Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување.

Покрај наведените услови кандидатот треба:

- да не е оценет со оцена “Г“ или “Д“ при последното оценување,
- да е на работно место кое согласно Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување е на непосредно пониско ниво од работното место или да е на работно место во рамките на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас,
- да поминал најмалку две години на тековното работно место и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Рокот за доставување на пријавите изнесува 5 (пет) работни дена, сметано од денот на објавување на огласот (не сметајќи го денот на самото објавување).

Дневно работно време – од 08/09 часот до 16/17 часот;
Работни денови: Понеделник – Петок;

Неделно работно време: 40 (четириесет) часа.

Паричниот нето износ на збирот на делот на основната плата со кој се вреднува степенот на образование и делот на плата за ниво изнесува 38.337,00 денари.

**Напомена:** Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата и доказите ќе се дисквалификува од натамошната постапка.

Заинтересираните административни службеници, за наведените работни места, треба да достават пополнета пријава и документи со кои се докажува исполнувањето на бараните услови, до архивата на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, во рок од 5 дена од денот на објавувањето на овој оглас.

Агенција за супервизија на капитално
финансирано пензиско осигурување